РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР
Бр. 04-426/2
13.06.2018 год.
СКОПЈЕ

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**МНТ**

**Национална установа „Македонски народен театар“ Скопје**

Врз основа на член 76-а, 76-б, член 77-а став 1 и став 2, член 77-б, 77-в, 77-г и член 77-д од Законот за култура, а во врска со Одлуката за објавување на јавен оглас бр. 04 – 426/1 од 13.06.2018 година, Правилник за формата и содржината на јавниот оглас и пријавата за вработување на даватели на јавни услуги во Националната установа „Македонски народен театар“ Скопје бр. 02-403 од 01.06.2018 и Согласност од Министерство за финансии бр. 03-363 од 21.05.2018 година, се објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ БР. 04-426/2 ОД 13.06.2018**

1. НУ „Македонски народен театар“ - Скопје, има потреба од вработување двајца извршители на следното работно место:

   **Актер четврта група** – две (2) лица со шифра КУЛ 03 04 А06 001, категорија А – уметници, ниво А6 на **определено време** до 31.12.2018 година, со полно работно време, (40 работни часа неделно од 10-14ч. и 18-22ч.), нето плата, плата без минат труд ќе изнесува 23.650,00 денари.

2. Кандидатот треба да ги исполни следните општи услови:
   - да е полнолетен,
   - да има општа здравствена способност за работното место и
   - со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

   - Покрај општите услови за пополнување на работно место актер – четврта група, кандидатот треба да ги исполни и следните посебни услови како:

- Вид на образование: високо образование или најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен драмски уметности, отсек актер или средно уметничко образование;
- Работно искуство: до 1 (една) година во струката;

**3. Пријавата за вработување особено содржи:**

- податоци за кандидатот (име и презиме, матичен број на граѓанинот, датум и место на раѓање, адреса и место на живеење, електронска адреса на кандидатот, контакт телефон), како и кратко мотивациско писмо;

- кратка биографија;

- изјава за исполнување на општите услови за работното место со наведување ДА/НЕ за секој услов одделно;

- изјава за исполнување на посебните услови за работното место со наведување ДА/НЕ за секој услов одделно;

- Кандидатите кон пријавата треба да приложат и:
  - уверение за државјанство (не постаро од 6 месеци)
  - доказ за работно искуство во струката
  - потврда дека да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност (не постаро од 6 месеци)
  - лекарско уверение за општа здравствена состојба на кандидатот (не постаро од 6 месеци)
  - други документи наведени во точка 3 од овој Оглас;

Јавниот оглас трае 15 (петнаесет) дена од денот на објавување во дневниот печат. Постапката за селекција за вработување се состои од административна селекција за проверка на веродостојноста на доставените податоци и доказите доставени на јавниот оглас и аудиција.

Кандидатите кои успешно ја поминале постапката на веродостојност на докази имаат право да продолжат на на аудиција.

Во рок од три дена Комисијата за вработување подготвува и до директорот на јавната установа од областа на културата доставува предлог кандидат.

Пријавите со потребни документи да се доставаат до архивата на Театарот или на адреса: НУ Македонски народен театар – Скопје, ул. 11 Март бр. 3, 1000 Скопје. Некомплетно или ненавремено поднесените документи нема да се разгледуваат.

Изборот ќе се изврши во рок од 5 (пет) работни дена по добиениот предлог од Комисијата за вработување, согласно Законот за културата и правните акти на Театарот.

В.д. Директор: Симона Угриновска

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР СКОПЈЕ